Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел од дневни настани 15.12.2022

Денеска (15.12.2022) во 00.20 часот на булевар „1 Мај" во Битола, полициски службеници од Полициската станица Битола го лишиле од слобода В.М.(23) од Република Молдавија затоа што кај него била пронајдена бела грутчеста материја. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.12.2022 околу 22.20 часот на улица „Илинденска" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода 21-годишниот Е.А. од тетовска Мала Речица затоа што кај него била пронајдена марихуана. Тој е задржан во Полициската станица Тетово и по документирање на случајот ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

Денеска (15.12.2022) околу 02.20 часот на улица „Илинденска" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 36-годишниот А.С. од гостиварски Градец затоа што кај него биле пронајдени и одземени кокаин и марихуана. По целосно документирање на случајот против А.С. ќе следува соодветен поднесок.

На 14.12.2022 во 13.05 часот на улица „4 Јули" во Кичево, полициски службеници од ОВР Кичево ги лишиле од слобода Н.М.(18) и Д.М.(34), двајцата од струшкото село Лабуништа, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. Тие биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.12.2022 во 13.40 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода А.В.(31) и П.Д.(38), двајцата од Скопје, затоа што кај нив биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

Во текот на вчерашниот ден (14.12.2022) во периодот од 08.00 до 12.00 часот Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на прекршоци што ги прават пешаците. При контролата, санкционирани се 243 прекршоци од страна на пешаците. За време на контролата регистрирани се и 106 другви видови прекршоци.

Во текот на вчерашниот ден (14.12.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 175 возачи. Од нив 10 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а тет возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 39 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 136 надвор од населено место.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (14.12.2022) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 166 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 11 санкции, шест мерки за возење без возачка дозвола, 29 санкции за прекршоци што ги прават пешаците, пет мерки за недавање пречество на минување на пешаци. Изречени се четири мерки за користење мобилен телефон при возење, четири санкции за возач почетник, четири мерки за некористење сигурносен појас, три санкции за нерегистрирани возила...

На 14.12.2022 во 21.45 часот во СВР Тетово било пријавено дека на улица „Илинденска" во Тетово се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген голф" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од 58-годишниот гостиварец М.П. и патничко возило „мерцедес" со тетовски регистарски ознаки што го управувал Б.А.(42) од тетовска Голема Речица. Во несреќата, сопатничката од возилото „мерцедес", Р.С.(54) се здобила со тешки телесни повреди, а другите двајца сопатници од истото возило телесни повреди, констатирани во тетовската Клиничка болница. На местото на несреќата увид извршила екипа од СВР Тетово.

На 14.12.2022 околу 19.30 часот во СВР Охрид било пријавено дека на крстосница на улиците „Никола Карев" и „АСНОМ" во Охрид, патничко возило „мерцедес" со охридски регистарски ознаки, управувано од Ј.Л.(71) од Охрид, удрило во Ж.Г.(76) од Охрид. Во несреќата, пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во болницата „Св.Еразмо" во Охрид. Увид на местото на несреќата извршила екипа од СВР Охрид.

На 14.12.2022 во 10.30 часот во Полициската станица Бит Пазар, Р.А.(38) од Скопје пријавила дека на ул.„Македонско Косовска бригада" нејзината малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 14.12.2022 во 16.00 часот во Полициската станица Бит Пазар, С.П.(18) од Скопје пријавил дека на ул.„Благоја Паровиќ" бил каснат од куче скитник.

Денеска (15.12.2022) во 09.55 часот во Радовиш, полициски службеници од Полициската станица Радовиш го лишиле од слобода Ц.Р.(27) од Штип. За него била распишана потерница поради бегство од Казнено-поправната установа Затвор Струмица, а бил баран за доиздржување на заторска казна од две години за сторени кривични дела „тешка кражба" и „спречување на службено лице во вршење на службено дејствие". Лицето ќе биде спроведено во Затвор Струмица за доиздржување на казната.

СВР Битола поднесе кривична пријава против В.Р.(56) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување". Пријавениот, во својство на директор на средно училиште во Битола, во повеќе поставки за јавни набавки постапил спротивно од одредбите од Законот за јавни набавки околу набавка на информатичка и аудио опрема и околу промена на новка конструкција и промена на надворешна столарија. На тој начин тој го оштетил буџетот на училиштето за сума од 738.862 денари.

На 14.12.2022 во Струга, полициски службеници од ОВР Струга го лишиле од слобода Р.О.(60) од Струга. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, полициските службеници пронашле и одзеле марихуана. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.12.2022 во 01.15 часот на ул.,,Крижевска" во Кочани, полициски службеници од ОВР Кочани ги лишиле од слобода Д.С.(25) и Н.М.(25), двајцата од с.Зрновци, кочанско, затоа што по преглед кај нив, кај Д.С. била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.12.2022, полициски службеници од ОВР Струга, со судска наредба, извршиле претрес во домот на Д.У.(47) од Струга и притоа пронашле и одзеле бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Единицата за економски и компјутерски криминал при СВР Скопје поднесе кривична пријава против П.И.(21) од општина Дебарца поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување пари" по член 268 од Кривичниот законик. Пријавениот набавил фалсификувана банкнота од 100 евра и ја употребил при купување на бензинска станица во Скопје. По преземени мерки, тој бил пронајден и поднесен е кривична пријава.

На 14.12.2022 од 08.00 до 12.00 часот на подрачјето на СВР Тетово била спроведена акциска контрола за откривање на прекршоците што ги прават пешаците во сообраќајот, во која вкупно биле откриени и санкционирани 46 прекршоци (ТЕ-28 и ГВ-18). Најголемиот број од прекршоците се однесувале на преминување на улиците надвор од обележани пешачки премини (45). На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци и ќе се соочат со законски предвидените парични глоби, а ќе бидат повикани и на такканречена сообраќајна поука, со напомена дека глобите зависно од видот и карактерот на прекршокот се движат од 20 до 50 евра во денарска противвредност. Покрај ова, биле санкционирани уште 5 другви видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-2 и ГВ-3).

На 14.12.2022 на подрачјето на СВР Штип полициски службеници спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 18 прекршоци, од кои 10 надвор од населено место и 8 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 14 другви видови на прекршоци, од кои 4 за управување возило без возачка дозвола, 3 за нерегистрирано возило, 1 за возач почетник, 1 за управување возило под дејство на алкохол и 5 за непрописно паркирање.

На 14.12.2022 во 13.20 часот во Полициската станица Драчево, П.Н.(19) од Скопје пријавил дека во патничко моторно возило „рено меган" со скопски регистарски ознаки, сопственост на неговиот татко, пронашол зрно од огнено оружје. Според пријавеното, тој на 13.12.2022 забележал дека предниот дел од возилото е оштетен. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (15.12.2022) во 01.45 часот, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода В.Ф.(23) од Скопје затоа што во семејниот дом, по претходна расправија, ја нападнал со остар предмет неговата 25-годишна сопруга од Скопје. По целосно документирање на случајот против лицето ќе следува соодветна пријава.

На 14.12.2022 во 17.35 часот, полициски службеници од Полициската станица Македонски Брод го лишиле од слобода Д.В.(66) од село во Македонски Брод затоа што, по претходна расправија со неговата 63-годишна сопруга, предизвикал пожар во семејната куќа, која целосно изгорела. Пожарот бил изгаснат од екипа на територијалната противпожарна единица македонски Брод, а Д.В. бил задржан во полициска станица. По целосно документирање на случајот, во координација со Јавен обвинител, против него ќе биде поднесена пријава по член 288 од Кривичниот законик.

На 14.12.2022, полициски службеници од ОВР Кочани ги лишиле од слобода В.З.(22) од Кочани затоа што во семејниот дом физички ја нападнал неговата 46-годишна мајка. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.12.2022 во 12.50 часот во Полициската станица Аеродром, Д.С.(33) од Скопје пријавила дека на подрачје на Аеродром, нејзината малолетна ќерка била физички нападната од лице кое го познавала. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.12.2022 во 15.15 часот во Полициската станица Аеродром било пријавено дека на бензинска станица на подрачје на Аеродром бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Х.А.Ч.(18) и тројца малолетници, сите од с.Батинци, скопско, од една страна и О.М.Б.(18) од Скопје, Х.Х.(19) и Љ.И.(19), двајцата од с.Средно Конјари, скопско, од друга страна. По целосно документирање на случајот ќе следуваат соодветни поднесоци.

На 14.12.2022 во 17.30 часот во Полициската станица Гази Баба, Д.Н.(44) од Скопје пријавил дека на подрачје на Гази Баба бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.12.2022 во СВР Битола било пријавено дека при извршување работни задачи во депонија Мегленци се повреди се здобил СС.(37) од Битола, вработен во ЈКП-Комуналец. Тој бил пренесен во Клиничка болница Битола за укажување лекарска помош. Увид бил извршен, а за настанот бил известен трудов инспектор.

На 14.12.2022 во 14.20 часот во Полициската станица Ресен било пријавено дека на ул. „Преспанска" настанал пожар во куќа сопственост на И.Д.(57) од Ресен. Притоа, со повреди се здобиле И.Д. и неговиот син М.Д.(19), кои биле пренесени во болницата во Ресен за укажување помош. Пожарот бил изгаснат од екипа на Територијалната противпожарна единица Ресен. Увид бил извршен.

На 14.12.2022 во 20.00 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, Р.З.(46) од Скопје пријавил дека од домот се оддалечил неговиот татко Ш.З.(67) од Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 14.12.2022 во 19.15 часот во ОВР Кичево, Ј.И.(62) од селото Бигор Доленци пријавила дека на улица „Индустриска" во Кичево била касната од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.С.(63) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 28.10.2022 на улица „Браќа Миладинови" во Тетово, пријавениот со метален предмет го нападнал Н.З.(67) од Тетово.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Б.А.(24), В.О.(22), М.Д.(28) и Б.А.(30), сите од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство" . На 31.10.2022 во Тетово, физички ги нападнале Б.С., Л.Л. и А.Л., сите од Тетово, по што М.Д. со рачка од пиштол ги удрил Л.Л. и А.Л..

СВР Штип поднесе кривична пријава против Т.З.(44) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 25.03.2022 во Штип, полициски службеници извршиле преглед врз пријавениот, при што пронашле и одзеле хероин.

СВР Штип поднесе кривична пријава против В.М.(33) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 26.12.2021 во месноста „Суитлак", полициски службеници извршиле преглед во пријавениот и во возилото кое го управувал, при што пронашле и одзеле марихуана и амфетамин.

Регионалниот центар за гранични работи Југ поднесе кривична пријава против Н.М.(36) од Стар Дојран поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење" . На 22.05.2022 на место викано „Губриште"-с.Богородица, полициски службеници го затекнале пријавениот како врши криумчарење на 82 штеки цигари од различни брендови и 10 пакувања од по 300 грама тутун. Кога ги забележал полициските службеници тој ја фрлил торбата со цигари и тутун и побегнал, но набргу бил фатен и приведен.

На 14.12.2022 во 00.30 часот во Полициската станица Гази Баба, U.Д. (20) од с.Морани, скопско, пријавил дека од нејзиниот дом во с.Иницково, скопско, се оддалечила неговата мајка И.Д. (53). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поштa: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет